Министерство за финансии

**Неделен економски преглед**
10 септември – 14 септември 2018 година

- Индексот на промет во индустријата во јули 2018 година во однос на јули 2017 година бележи раст од 15,3%.
- Бројот на туристите во јули 2018 година, во однос на јули 2017 година, е зголемен за 14,9%, а бројот на ноќевањата е зголемен за 17,8%.
- Бројот на издадени одобренија за градење во јули 2018 година е повисок за 34,6% во однос на истиот месец минатата година.
- Продажните цени на производителите на индустриски производи во јули 2018 година забележаа годишен раст од 1,1%, а кумулативно во периодот јануари - јули 2018 година се повисоки за 1,7% во споредба со истиот период минатата година.
- Бруто девизните резерви на крајот на август 2018 година изнесуваат 2.699 милиони евра и во однос на август 2017 година се зголемени за 18,6%.
- На 11.09.2018 година во Владата на РМ беше потпишан договор со Европската инвестициска банка, со кој на малите и средни претпријатија им се ставаат на располагање 100 милиони евра кредити за проекти. Се очекува кредитната линија да биде понудена по пониски каматни стапки, односно со каматна стапка од околу 3,5% и рок за враќање од 12 години, како и грејс-период од 2 до 4 години во зависност од проектот.
- Министерството за финансии го објави јавниот повик за финансиска поддршка на општините во износ од 8 милиони евра, во рамки на Проектот за подобрување на општински услуги. Средствата се наменети за финансирање на инвестиции во областа на водовод и канализација и патна инфраструктура.
- Во јули 2018 година индустриското производство во ЕУ забележа раст од 0,8% во споредба со истиот месец од 2017 година, додека во еврозоната се намали за 0,1%.
- Вработеноста во ЕУ и еврозоната во вториот квартал на 2018 година во споредба со истиот квартал од 2017 година се зголеми за 1,4% и 1,5% соодветно. Вкупниот број на вработени во ЕУ (238,9 милиони) и во еврозоната (158 милиони) во овој период достигна историски највисоко ниво.